Архивски број: 08-707/4
Датум: 25.10.2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 707/1 од 20.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Битола, со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус и политичка припадност, во областа на работата и работните односи, против ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа - Битола, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**за неповедување на постапка**

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКАТА** по претставката бр. 08 - 707/1 од 20.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Битола, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус и политичка припадност, во областа на работата и работните односи од страна на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа - Битола.

## О б р а з л о ж е н и е

На 20.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус и политичка припадност, во областа на работата и работните односи против нејзиниот работодавач - ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Битола.

Подносителката тврди дека е дискриминирана поради тоа што како вработена кај работодавачот, со стаж од 8 години и 6 месеци сè уште не е унапредена на повисоко работно место. Таа тврди дека ги исполнува сите предвидени законски услови за да биде унапредена на повисоко ниво. Според подносителката тоа се должи на личен статус (вработена преку програма Д10 како дете без родител) и политичка припадност, односно тоа што не е припадничка на политичка партија. Во претставката се наведува дека правото на унапредување што е загарантирано со Законот за административните службеници, на нејзе и на останатите вработени им е ускратено на сметка на ново вработување, директно на повисоко ниво за истото работно место. Подносителката појаснува дека иако има 4 вработени на работно место - помлад соработник за човечки ресурси, ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Битола објавил конкурс за ново вработување на позицијата - виш соработник за човечки ресурси, и со тоа го ускратило правото на унапредување за веќе вработените за сметка на ново вработување.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

По разгледување на претставката Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека претходно постапувала по претставка поднесена од од Билјана Митовска со бр. 08 - 124/1 од 27.01.2023 година, во која се содржани истите тврдења. По претходно поднесената претставка Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донела Мислење со бр. 08 – 124/6 од 02.03.2023 година со кое не се утврдува дискриминација во постапувањето на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Битола.

Поради наведеното, како и недостатокот на нови факти и околности, различни од наведените во првичната претставка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека се исполнети законските услови од член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.

Согласно наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и не поведе постапка по претставката 08 - 707/1 од 20.09.2023 година.

Скопје
25.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]